

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ГОЛЕМИОТ „ОПЕН КАРПОШ“-ПО ШЕСТИ ПАТ

Во петокот (01.04.2016 година), во хотелот Александар Палас, со почеток во 16.30 часот, под покровителство на Општина Карпош, свечено ќе се отвори шестото издание на Опен Карпош, во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“. Шаховскиот бренд на локалната самоуправа ќе трае цела недела, односно од први до седми април. Светски шаховски велемајстори и интернационални мајстори ќе учествуваат на традиционалното натпреварување, каде своите вештини и знаења ќе ги презентираат наредните седум дена во девет кола, секој ден од 9.30 часот и од 17.30 часот. Се очекува присуство на околу 200 високо рангирани играчи на овогодинешниот Меѓународен шаховски турнир. Наградниот фонд за шаховскиот турнир изнесува 10.000 евра, а за најдобриот шахист за оваа година се обезбедени 2.800 евра.



# ОСНОВЦИТЕ И АДМИНИСТРАТИВЦИТЕ ОД КАРПОШ ГО ОДБЕЛЕЖАА 1-ВИ АПРИЛ

Учениците и наставничките од ООУ „Владо Тасевски“, во петокот (1.04.2016) ги посетија урбаните заедници во општина Карпош, Пецо Божиновски- Кочо и Кузман Јосифовски –Питу. Со веселите детски насмевки и креативните маски, тие заедно со административците го прославија денот на шегата, први април. Соработката на ова основно училиште со сите урбани заедници во општина Карпош, прераснува во прекрасна традиција.





# НАСМЕВСКИ И МАСКИ ЗА ДЕНОТ НА ШЕГАТА

Во петокот (1.04.2016) најмалите дечиња од трите градинки „Орце Николов", заедно со првачињата од ООУ „Лазо Трповски", „Вера Циривири Трена" и „Петар Поп Арсов", го одбележаа Денот на шегата- први април. На веселата забава можеа да се забележат разновидни маски позади кои се криеа веселите детски насмевки. Освен препознатливите тематски веснички, атмосферата дополнително ја разигра смеата и веселиот детски џагор. Оваа манифестација беше дел од проектот „Спорт и спортски активности", кој започна оваа среда, а по иницијатива на ЈУОДГ „Орце Николов" – Општина Карпош.











# ВО КАРПОШ ПОДНЕСЕНИ НАД 11.000 БАРАЊА ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

Секретарот на општина Карпош, Бојан Милошевски даде изјава за медиумите по повод завршување на рокот за поднесување на Барањето за постапување со бесправно изградени објекти од локално значење. Во продолжение, ја објавуваме изјавата во целост:

Согласно новите измени од Законот за изменување и дополнување на Законот на постапување на бесправно изградени објекти, почнувајќи од 21-ви декември па заклучно со 31.03.2016 година, во Општина Карпош, граѓаните имаат поднесено вкупно 1710 барања за постапување со бесправно изградени објекти, од локално значење кои што објекти се изградени пред стапување на Законот во сила, односно 03.03.2011 година. Можам да кажам дека нашите служби коишто работат во архивата на Општина Карпош, вчера работеа со продолжено работно време, до доцните вечерни часови, односно до 12 часот по полноќ, бидејќи Законот кажува дека барањата се поднесуваат, односно се примаат заклучно со 01.03.2016 година.

Исто така со измените од Законот за постапување со бесправно изградени објекти 2014 година, имаше поднесено околу 700 барања, посебно за тераси и тераси пренаменети во станбен простор. Покрај напоменативе, има поднесено барања и за индивидуални објекти, деловни објекти, магацински простори, односно за сите оние објекти кои се од локално значење кои што Законот за постапување за бесправно изградени објекти ги препознава како такви, во сопственост на имателите кои живеат на територија на Општина Карпош.

Нашите службеници кои работат во архивата, имаат поставено норма издадена од наша страна, односно од високото раководство, да изработуваат минимум 20 урбанистички согласности во текот на денот. Тоа значи, дека целокупната документација која е прибавена од страна на барателите и доставена до Општина Карпош, за истата може да се изготви урбанистичка согласност, па откако ќе се плати надоместокот за легализација за истото се издава и решение за бесправно изграден објект. Од самиот старт на Законот кој почна да се применува уште во 2011 година, ние како Општина по претходно извршена инвентаризација на територија на Општина Карпош, го зголемивме бројот на вработени референти и правници коишто работат на овие предмети.

Слободно можам да кажам дека, од 9.960 пристигнати барања за постапување со бесправно изградени објекти, односно со новите дополнителни 1.170 барања, доколку работиме со овој интензитет и капацитет со човечки ресурси кој што го поседуваме, ќе ги реализираме собраните предмети во догледно време. Воедно, сакам да ги охрабрам и граѓаните на Општина Карпош што поскоро да изготват елаборати, бидејќи сите предмети кои се пристигнати ги имаме отворено и за сите имаме изготвено заклучоци за прекин на постапката доколку недостасува некој потребен документ или елаборат, да ги решат имотно-правните односи и да ги достават до Општина Карпош сите потребни документи за да ги решиме нивните предмети благовремено и во нивна полза.

# ШЕСТА БИТКА ЗА ТРОНОТ НА „ОПЕН КАРПОШ 2016“

Во присуство на голем број љубители на “играта на мудреците“, официјално започна шестиот по ред Меѓународен шаховски турнир „Опен Карпош 2016“.

Под покровителство на локалната самоуправа, Општина Карпош и со поддршка на Град Скопје, а во организација на шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, овој меѓународно реномиран шаховски турнир се одржува по шести пат.

Според зборот на директорот на „Опен Карпош 2016“ и градоначалник Стевчо Јакимовски, од година во година, турнирот прераснува во вистински шаховски храм. Со овој голем спортски настан Општина Карпош го открива духот на гостопримството, ширум отворајќи ги своите порти за љубителите на шахот. Имено, наредните седум дена, ќе се натпреваруваат над 200 врвни шахисти, од кои 26 велемајстори, 26 интернационални мајстори и околу 30 фиде мајстори кои доаѓаат од 25 земји ширум светот.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој официјално го прогласи турнирот за отворен, на кратко, се наврати на почетоците на оваа спортска манифестација.

-Почнавме во 2011 година, скромно со 74 учесници, но „Опен Карпош“, од година во година, се повеќе прераснуваше во елитен турнир. Така, оваа година се пријавија повеќе од 200 шахисти кои ќе ги „вкрстат“ фигурите со






нивните врвни колеги. Добриот глас, велат далеку се слуша. Благодарение токму на „Опен Карпош“, квалитетната организација и напори кои ги вложуваме како локална самоуправа, но пред сé, преку задоволството од неговите учесници, тој се вбори меѓу 10-те најквалитетни шаховски турнири во Европа. Ние заедно со нашиот традиционален партнер шаховскиот клуб „Гамбит Асеко“, успеавме да го добиеме и организирањето на Европското клупско првенство во шах, кое се одржа од 17-ти до 25-ти октомври минатата година – рече Јакимовски и со задоволство напомена дека локалната самоуправа, во рамките на „Опен Карпош“, досега успеа да угости повеќе од 1.000 врвни шаховски





имиња, почитувани велемајстори и интернационални и ФИДЕ мајстори. Патем тој им даде можност на стотици илјади љубители на шахот ширум светот, да ги следат натпреварите во живо, преку интернет.

Општина Карпош направи од овој турнир препознатлив шаховски бренд, кој во себе ги содржи синонимите за мудрата мисла, спортскиот инстинкт и ферплејот. Со ваквата посветеност кон древниот спорт, Општината несомнено стана маркантна точка на светската шаховска мапа.

Наградниот фонд оваа година изнесува 10.000 евра, а за најдобриот шахист се обезбедени 2.800 евра.



# ОДБОЈКАРКИТЕ ОД ООУ „ПЕТАР ПОП АРСОВ“ ВО ПОСЕТА КАЈ ЈАКИМОВСКИ

Одбојкарките од ООУ„ПЕТАР ПОП АРСОВ“ го освоија првото место во одбојка за девојчиња во спортската училишна лига за основни училишта на територија на Општина Карпош. Градоначалникот им вети парична награда, спортска опрема и наградно патување во Тиват.







# ИНФРАСТРУКТУРНА ОФАНЗИВА ВО НЕРЕЗИ

Во урбаната заедница Нерези завршуваат инфраструктурните активности. Покрај решавањето на проблемот со водоснабдувањето во овој дел на Општина Карпош, асфалтирање на коловозите, тротоарите и новото осветлување, У.З. Нерези „влезе" во втората фаза на изградба на фекална канализација. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски задоволно истакна дека сите проблеми на граѓаните, во изминатиот период се успешно завршени.

-Правиме фекална канализација која е во должина од 650 метри и вредноста е околу седум милиони денари. Со тоа, ја поврзуваме целата оваа населба која што оди покрај каналот со новата населба во Жданец,. Ова е навистина еден голем инфраструктурен зафат којшто ќе кореспондира заедно со затворање на каналот и ќе биде заедничка инвестиција со Градот Скопје, како и реконструкција и изградба на улицата која што води нагоре кон новата населба во Жданец – рече Јакимовски.

Целокупната инвестиција е околу 25 милиони денари, а работата ја изведува фирмата Евроинвест Инг. Овој инфраструктурен проект целосно ќе заврши во наредните десет дена.





# ПОКАНА ЗА СЕДНИЦА ЗА СОВЕТ

Среда (06.04.2016 година), со почеток од 15 часот, во амфитеатарот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, ќе се одржи 47-та седница на Советот на Општина Карпош. На седницата ќе се расправа на девет точки на Дневниот ред.

-Усвојување на Записникот од четириесет и пета седница на Советот на Општина Карпош

-Усвојување на Записникот од четириесет и шеста седница на Советот на Општина Карпош

1.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година,

2.Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот за училишните спортски лиги во фудбал, одбојка и кошарка и извештај за првата македонска кошаркарска лига,

3.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош,

4.Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за наградување на фудбалската екипа во футсал од ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје.

5.Предлог-Одлука за наградување на државниот првак во одбојка - женската одбојкарска екипа од ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош-Скопје.

6.Предлог-Одлука за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, за финансиско учество за изградба на фекална канализација во населба Злокуќани на дел од ул.Скупи 22 во должина од 281 м и изградба на водовод кој оди по крак на оваа улица

7.Предлог-Ребаланс на Буџетот на Општина Карпош за 2016 година,

8.Предлог-Одлука за одобрување на работтата на ликвидаторот и изготвената годишна сметка на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас КАР-ГАС Скопје-во ликвидација,

9.Разгледување на барањето финансиска помош за купување болничка постелина и лекарска работна облека бр.11-2284/1 од 07.03.2016 година, доставено од ЈЗУ ГОБ 8-ми Септември, со Предлог-Одлука.

# ОБУКА: КАКО НАЈБРЗО ДО РАБОТА

Општина Карпош организира бесплатна еднодневна обука наменета за сите заинтересирани невработени лица од територијата на Општината.

Станува збор за тематска обука која ќе трае 4 часа и на која присутните ќе се стекнат со сознанија и вештини потребни при вработување како што се:

- Пишување на кратка биографија – CV

- Пишување на мотивационо писмо

- Можности за вработување и самовработрување во Македонија

- Унапредување на сопствените квалификации и

- Разработка на почетна идеја за сопствен бизнис.

**Обуката ќе се одржи на 15 април, петок, со почеток во 10.00 ч во просториите на урбаната заедница Карпош 1 (ул. Иван Аговски бр.2).**

Тематската обука е дел од активностите предвидени со Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2016 година.

**Сите заинтересирани лица своето присуство да го најават на тел. 078/486-924**



# ИНОВАТИВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ЕКО-КАРПОШ





По повод реализација на заедничкиот проект за ладење и греење „Cool Heating", во средата, д-р Наташа Марковска од МАНУ одржа стручна презентација во кабинетот на градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски. Марковска детално ги образложи главните придобивки од проектот, чиј импакт се движи по две главни линии – економски и еколошки бенефити. Имено, се работи за значително намалување на трошоците за греење и ладење, како и намалување на емисијата на штетни гасови во атмосферата, преку исфрлање од употреба на фосилните горива.

Носител-координатор на овој меѓународен проект во кој учествуваат 11 партнери од осум земји, е германската научна академија од Минхен. Како таргет-земји во кои би се применувале новите енергетско ефикасни модели за греење и ладење, се јавуваат Босна и Херцеговина, Србија, Хрватска, Словенија и Општина Карпош, како единствен учесник од Македонија. Целта на овој проект е проширување на знаењата и зголемување на свеста за малите системи за греење, кои се базирани на обновливи извори на енергија, (биомаса, геотермални пумпи, соларно греење и сл.). Можните локации во општина Карпош кои би се опфатиле со овој проект, дополнително ќе ги утврдат стручните лица од МАНУ и Општина Карпош, по претходно изработена студија.



Локалната самоуправа, започна со реализација на проектот „Cool Heating", во јануари годинава, кој се очекува да заврши до 2019 година. Овој меѓународен проект е дел од програмата „Хоризонт 2020", која е најголема програма во ЕУ за истражување и иновација досега, со скоро 80 милијарди евра расположливи средства. Со учество во овој проект и поддршката на бројни иницијативи, општина Карпош доби персонален код за идентификација (PIK), со кој ќе биде препознатлива на сите европски интернет страници за енергетска ефикасност.

# КАРПОШ ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА СПОРТОТ

Во вистинска културно-спортска атмосфера, учениците од ООУ „Братство“, пратија порака за здрав и спортски живот по повод одбележувањето на Светскиот ден на спортот за развој и мир.

Во организација на Македонскиот Олимписки Комитет и во соработка со Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, овој ден, веќе втора година се одбележува како исклучително важен датум, со цел преку спортот и спортските активности да се придонесе за поголемо културно разбирање и да се унапреди образовниот, културниот, здравствениот, економскиот и социјален развој на децата. Интенцијата,меѓудругото е и да не запре дружењето и да се продлабочат пријателските односи како и изучување на потребите од водење здрав живот.

Овој ден се негува на глобално ниво, во повеќе држави, преку системот на Обединети нации, односно Канцеларијата на спортот за развој и мир при ООН. На спортската манифестација присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош. Стевчо Јакимовски, претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, д-р Васил Топурковски, претседател на МОК, генералниот секретар на МОК, Сашо Поповски и спортскиот директор, Владо Богоевски.







Во рамките на одбележувањето на светскиот ден на спортот, освен демонстрација на боречките, џудо и карате вештините, како и пријателските натпревари во кошарка и фудбал, свој придонес во делот на културната програма дадоа и играорците од МКУД „Цветан Димов“ кои изведоа познато македонско оро.

Инаку, Обединетите Нации во 2013 година, го прогласија 6-ти април за Интернационалениот ден на спортот за развој и мир кој натаму ќе се одбележува секоја година. Со овој датум се одбележуваат и првите модерни олиписки игри во Атина кои се возобновиле во 1896 година.

# 47 СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ:
## ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ - МАКСИМУМ 4 СТАНБЕНИ ЕДИНИЦИ

Во средата (06.04.2016) со почеток од 15:00 часот, во просторииите на Технолошко- Металуршкиот факултет се одржа четириесет и седмата седница на Советот на Општина Карпош. Советниците расправаа по дванаесет предлог точки на дневен ред.

На предлог на градоначалникот на Општината Стевчо Јакимовски, се изгласа Предлог - Одлуката за усогласување на максимумот на станбени единици за изградба на објекти со намена А1 – Домување во станбени куќи определен во сите детални урбанистички планови кои се применуваат во постапките за издавање на одобренија за градење пред Секторот за урбанизам на Општина Карпош.

Со оваа одлука се максимизираше изградбата на објекти со намена А1- Домување на 4 (четири)станбени единици. Исто така советниците, по неколку дискусии, дадоа ,, зелено '' светло за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош, и наградување на државниот првак во одбојка – женската одбојкарска екипа од ООУ ,, Димо Хаџи Димов''. На оваа седница, помина и предлогот за одобрување на финансиски средства за опожарените куќи на улицата Иван Цанкар бр. 97- Б и бр. 77-А, во населбата Влае, со што локалната самоуправа ќе даде свој придонес во санирањето на оштетените домови и ќе им помогне на загрозените семејства.



